**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПОДИГАЊЕ И ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ

**IV ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски техничар***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПОДИГАЊЕ И ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОЗОВИ НАСАДИ

### 1.2. Образовен профил и струка

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да го познава годишниот биолошки циклус на виновата лоза;
- да го објаснува влијанието на климатските, почвените и биотските фактори врз развојот на виновата лоза;
- да го сфаќа значењето на обработката на почвата за развој на виновата лоза;
- да ги познава машините за обработка на почвата во лозовиот насад;
- да ги објаснува мерките за нега на оштетена винова лоза;
- да ги организира процесите на берба, пакување, транспорт и чување на грозјето;
- да се вклучува во тимска работа.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: педологија и агрогрохемија на винова лоза од II година, подигање и одгледување на лозови насади, лозарство, винарство и практична настава од III година.

## 4.ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ГОДИШЕН БИОЛОШКИ ЦИКЛУС НА ЛОЗАТА** | **10** | ***Ученикот:***<br>- да го дефинира периодот на вегетација;<br>- да го познава времето на отворањето и растењето на леторастите;<br>- да го разликува периодот на опрашување и оплодување;<br>- да го познава времето на пораст на зрното;<br>- да го објаснува начинот на зреење на грозјето;<br>- да го опишува периодот на мирување на виновата лоза. | - Презентирање начин на пораст на леторастите;<br>- објаснување за периодот на почеток на вегетација и солзење;<br>- презентирање на слики од фенофази на развој на виновата лоза;<br>- организирање вежби за следење на развојот на зрното;<br>- организирање посета на лозов насад при подготовка за мирување. | - Лозарство<br>- Практична настава |
| **2. ВЛИЈАНИЕ НА СРЕДИНАТА ВРЗ ВИНОВАТА ЛОЗА (ЕКОЛОГИЈА)** | **24** | - Да ги објаснува влијанијата на климатските фактори врз виновата лоза;<br>- да го опишува релјефот на кој успева лозов насад;<br>- да го објаснува влијанитето на едафските фактори врз виновата | - Објаснување на влијанието на климатските фактори врз виновата лоза;<br>- презентирање на хербарски материјал;<br>- демонстрирање на состав на почвата за подигање на лозови насади; | - Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | лоза;<br>- да го разликува физичкиот, механичкиот и хемискиот состав на почвата;<br>- да определува топлотен и воден режим во почвата;<br>- да ги познава еколошките услови за одгледување на лозови насади. | - организирање посета на лозови насади. | |
| **3. ОБРАБОТКА НА ПОЧВАТА ВО ЛОЗОВИОТ НАСАД** | **10** | - Да ја сфаќа важноста од обработка на почвата во лозовиот насад;<br>- да разликува есенска од пролетна обработка на почвата во лозовиот насад;<br>- да го објаснува загрлувањето и одгрлувањето на лозовите садници;<br>- да ја објаснува плитката обработка на почвата во лозовиот насад;<br>- да го објаснува мулчирањето на почвата;<br>- да ја објаснува примената на пластичната фолија во лозовиот насад. | - Објаснување на потреба од обработка на почвата во лозовиот насад за добивање на повисоки приноси;<br>- демонстрирање на есенска и пролетна оработка на почвата во лозовиот насад;<br>- демонстрирање на загрлувањето и одгрлувањето на лозовите садници;<br>- презентирање на постапки за мулчирање и поставување на фолија. | - Лозарство<br>- Практична настава |
| **4. МАШИНИ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОЧВАТА ВО ЛОЗОВИОТ НАСАД** | **6** | - Да ја сфаќа важноста од примена на машинската обработка на почвата во лозовите насади;<br>- да ги разликува машините за длабока и плитка обработка на почвата во лозовите насади; | - Презентирање на материјали за машинска обработка на почвата во лозовите насади;<br>- објаснување на предностите од длабоката и плитката | - Лозарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги објаснува техниките на машинската обработка на почвата во лозовите насади. | обработка на почвата во лозовите насади. | |
| **5. НЕГА НА ОШТЕТЕНА ВИНОВА ЛОЗА** | **6** | - Да ги објаснува физиолошките промени за време на вегетацијата на лозата;<br>- да ги разликува физиолошките промени на виновата лоза;<br>- да ги објаснува мерките на нега на виновата лоза при оштетување од различни непогоди. | - Објаснување на физиолошките промени кај виновата лоза;<br>- презентирање на различни оштетувања кај виновата лоза;<br>- организирање на вежби за препознавање на различни оштетувања кај виновата лоза. | - Лозарство<br>- Практична настава |
| **6. БЕРБА, ПАКУВАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ЧУВАЊЕ НА ГРОЗЈЕТО** | **10** | - Да го разликува зрелото од зеленото грозје;<br>- да го определува индексот на зрелоста на грозјето;<br>- да го определува времето на берба на асталското и винското грозје;<br>- да ги опишува условите за чување на трпезното грозје;<br>- да го определува начинот и видот на превозно средство за транспорт на грозјето. | - Објаснување на бербите на трпезното и винското грозје;<br>- демонстрирање начини за пакување на грозјето;<br>- презентирање на организација за превоз на грозјето;<br>- организирање посета на ладилник за чување на грозје. | - Лозарство<br>- Практична настава |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, значи треба да се реализираат вежби, практични операции и работни задачи. Поради тоа во наставниот процез е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување, практична работа.

Во наставниот процез наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практична работа, домашна задача и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***подигање и одгледување на лозови насади*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училница кабинети и лозови насади. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во објекти во училишната економија и лозови насади.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, слики за графоскоп. компјутер, прибор и материјали за нега на виновата лоза, алат и машини за обработка на почвата во лозовите насади.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на цела учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на наставните целини. Секој ученик во текот на едно полугодие може да добие најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***подигање и одгледување на лозови насади*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство***, лозаро-овоштарска или општа насока.

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит согласно со Законот за средно образование.

**6.3. Стандард и простор**

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, профессор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Горан Керов, наставник во СОЗШУ„ЃорчеПетров" - Кавадарци
4. Иван Керов, АД „Гоце Делчев" - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***подигање и одгледување на лозови насади*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/7*** од ***20.06. 2008*** година.